ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
21.12.2017
14 2197/1
21.12.2017
14-17503/1

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
До: ЗУ Др. Мики Голанова Дервишова

Предмет: Известување

Почитувани,

Здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, месечните фактури и целокупната финансиска документација за извршени здравствени услуги ги доставуваат до Фондот. Дел од финансиската документација верификувана со дигитален потпис од електронска здравствена картичка (ЕЗК) на овластените лица од здравствената установа, електронски се доставува преку веб порталот на Фондот.

Поради тоа што до крајот на 2017 година, истекува важноста на ЕЗК на поголем број на осигурени лица (сертификатот од картичката), а за да се овозможи здравствената установа да овласти друго лице (кое не е вработено во истата) со валидна ЕЗК да потпишува електронски фајлови кои содржат финансиска документација, направена е измена на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување на податоците од информацискиот систем на ФЗОМ достапни на Веб порталот (Сл.весник бр184/217).

Со овие измени, се овозможува на лицата вработени во здравствената установа односно ортопедска куќа кои не поседуваат активна ЕЗК, да овластат со полномошно заверено на нотар друго полнолетно и деловно способно лице во нивно име и за нивна сметка да поднесува електронски фајлови за финансиска документација преку веб порталот на Фондот и истите електронски да ги потпишува преку користење на дигитален сертификат на неговата електронска здравствена картичка. При тоа фактурата доставена до Фондот во хартиена форма, што претставува единствен документ за плаќање, задолжително треба да биде потпишана од овластеното лице на здравствената установа или ортопедска куќа. Формата и содржината на полномошното-образецот ЕЛ-ПО и изјава за заштита на податоците од електронските фајлови за финансиска докуменатција-образец ЕЛ-ИЗ кои се составен дел од овој правилник, се истакнати на веб страницата на Фондот.

Воедно, напоменуваме дека се работи само за преоден период по кој се очекува и конечно решавање на проблемот со обезбедување на квалификуван дигитален сертификат за вработените во здравствените установи.

Фондот во моментот работи на прилагодување на софтверските решенија за истовремено користење на квалификуваните дигитални сертификати и дигиталниот сертификат од ЕЗК за потпишување на документи.

Оние здравствени работници кои што имаат валидна ЕЗК и понатаму ќе може да ја користат истата за потпишување на документи. Во прв момент измените ќе се однесуваат на воведување на потпишување со квалификуван дигитален сертификат во делот на финансиската документација, изборот на матичен лекар (ИЛ обрасците), издавање на ортопедски помагала и останати услуги (документи) кои досега се потпишуваа со дигитален сертификат од ЕЗК.

Фондот дополнително ќе Ве извести кога ќе заврши со комплетирање на овие измени со цел навремено да си набавите квалификувани дигитални сертификати. Согласно законските и подзаконските прописи кои се однесуваат на оваа проблематика, регистрирани издавачи на квалификувани сертификати во Република Македонија се КИБС и Македонски Телеком.

Со почит,

ВД Директор,
Данаил Дончев

Директор,
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Изготвил: Јасминка Смилевска
Ристана Митровска
Благој Дончев
Согласен: Даниела Јовчевска- Ѓуровска
Д-р Гоце Гаврилов